**Влада на Република Северна Македонија**

Бр.4401-17/79

# З А П И С Н И К

од Седумдесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 август 2020 година

Скопје, август 2020 година

**З А П И С Н И К**
**од Седумдесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 август 2020 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 12:20 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија Оливер Спасовски.

На седницата учествуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Мила Царовска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, д-р Бардул Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата учествуваа и м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за

надворешни работи, Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, Елизабета Наумовска, заменик на министерот за образование и наука, Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, како и Лирим Шабани, државен секретар во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа и Анке Холштајн, амбасадор на Сојузна Република Германија во Република Северна Македонија, Наташа Колевска Георгиевска, преведувач, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија и Бојан Маричиќ и Дане Талески, советници на претседателот на Владата на Република Северна Македонија за европски прашања и надворешна политика.

На седницата не учествуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки, членовите на Владата на Република Северна Македонија, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Хусни Исмаили, министер за култура и Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација.

*

*  *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

## ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:

- Информација за програмата на Германското претседателство со Советот на Европската Унија, со календар за одржувањето на неформалните министерски состаноци на Европската Унија

*

*  *

1. Записник од Сто и петтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на

внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 29 јули 2020 година

2. Записник од Сто и шестиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 30 јули 2020 година

3. Записник од Сто и седмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 4 август 2020 година

4. Записник од Сто и осмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 5 август 2020 година

5. Записник од Седмата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 5 август 2020 година, со Предлог - одлука за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за Коронавирусот COVID-19 и спречување од негово ширење и заради зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и Записник од седница на Групата за процена одржана на 28 јули 2020 година

6. Предлог - одлука за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за економија

7. Годишна сметка и Годишен извештај за работата на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-берза Скопје за 2019 година, со Ревизорски извештај и предлог-одлуки

8. Информација за избор на компанија која ќе врши поништување, односно отуѓување средства согласно приложени табели, со Предлог – одлука (Народен правобранител на Република Северна Македонија)

9. Барање согласност за спроведување на постапка за јавна набавка на компјутерска и серверска опрема

10. Предлог - одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање

и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Кавадарци)

11. Информација за барањата кои ги исполнуваат критериумите од Јавниот повик бр.1 за кредити од Кредитната линија од Компензационите фондови со цел намалување на последиците од Коронавирусот COVID-19 (Список бр.5)

12. Информација за измена на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица

13. Информација во врска со Анкетата за квалитет на аеродромски услуги (ASQ) на ТАВ Македонија за 2019 година за аеродромот „Св. Апостол Павле" – Охрид, со Анкета

14. Информација за правосилност на одлука на Европскиот суд за човекови права во случајот Холанд Фарминг Македонија ДОО и Стефан Димковски против Северна Македонија, А.бр. 83901/17, со Предлог-одлука

15. Информација за правосилност на пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот Стрезовски и други против Република Северна Македонија, А. бр. 14460/16, 14958/16, 14962/16, 14966/16, 27884/16, 16064/17, 20229/17, 30206/17 од 27 февруари 2020 година, со Предлог-одлука

16. Информација за Национална таксономија за сајбер инциденти и членство во MKD-CIRT, со Предлог – национална таксономија за сајбер инциденти

17. Информација за одземање на одобрение за основање на приватна установа за деца - Центар за ран детски развој „Балтазар" во Куманово, со Предлог – одлука

18. Информација со ревидиран Акциски план за формализирање на неформалната економија 2018-2020 година

19. Предлог – одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за хематологија – Скопје (медицинска опрема)

20. Ревидирани финансиски извештаи на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2019 година

21. Годишен извештај за состојбата и движењата на осигурителниот пазар во Република Северна Македонија во 2019 година на Агенцијата за супервизија на осигурување

22. Иницијатива поднесена од Дејан Павловски, Кратово доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.224/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 48 став 1 точки 1 и 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.14./2020)

23. Решение на Уставниот суд на Република Северна Македонија У бр.201/2020 година од 24 јуни 2020 година, за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на членот 3 од Уредбата со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за високото образование за време на вонредна состојба, („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.149/2020), донесена од Владата на Република Северна Македонија, број 44-5004/1 од 5 јуни 2020 година

24. Понуда од нотар Трајко Маркоски од Прилеп за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.41863 за КО Прилеп на КП бр.23696 место/улица Осоговска

25. Понуда од нотар Џеват Бучи од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.93356 за КО Чаир на КП бр. 1036; КП бр.1037/1; КП бр.1038/1; КП бр.1040; КП бр.1041; КП бр.1042; КП бр. 1043; КП бр. 1044/1; КП бр. 1044/2; КП бр.1048; КП бр.1049; КП бр.1056/2; КП бр.1255; КП бр.1258; КП бр.1260; КП бр. 1262/1; КП бр.1264/1 и КП бр.1265/2 место/улица Дижонска

26. Кадровски прашања

27. Прашања и предлози

28. Полугодишен извештај за извршувањето на Буџетот на Република Северна Македонија (јануари-јуни 2020 година)

29. Информација за преземените и планираните активности за воспоставување на кредитно-гарантна шема во Република Северна Македонија

30. Информација за имплементација на Акциски план за вработување 2018-2020 година

31. Информација за реализација на вон наставните активности на училиштата поврзани со антикорупциската едукација на учениците

32. Тримесечен финансиски извештај на Јавно претпријатие за берзанско работење Агро - Берза - Скопје за период јануари-март 2020 година

33. Финансиски извештај на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје, за период од 1 октомври 2019 година до 31 декември 2019 година

34. Известување на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за јуни 2020 година

35. Извештај за реализацијата на судскиот буџет за 2019 година

*

*         *

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:

- **Информација за програмата на Германското претседателство со Советот на Европската Унија, со календар за одржувањето на неформалните министерски состаноци на Европската Унија**

Владата ја разгледа Информацијата за програмата на Германското претседателство со Советот на Европската Унија, со календар за одржувањето на неформалните министерски состаноци на Европската Унија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат министерот за надворешни работи, министерот за внатрешни работи, министерот за правда, министерот за здравство, министерот за економија, министерот за одбрана, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, министерот за финансии, министерот за образование и наука, министерот за транспорт и врски, министерот за животна средина и просторно планирање, министерот за труд и социјална политика и министерот за култура, доколку добијат покана за учество на неформалните министерски состаноци на Европската Унија да учествуваат и по одржувањето на состаноците во рок од 15 дена да ги известат Владата на Република Северна Македонија, Министерството за надворешни работи и Секретаријатот за европски прашања.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи, во соработка со Секретаријатот за европски прашања да ги координира подготовките за учество на неформалните министерски состаноци на Европската Унија.

Во рамките на расправата по оваа информација, на седницата на Владата учествуваше амбасадорот на Сојузна Република Германија во Република Северна Македонија, нејзината екселенција Анке Холштајн, која ги претстави приоритетите на германското претседателство со Советот на Европската Унија до крајот на 2020 година.

Во своето поздравно обраќање, Оливер Спасовски, претседател на Владата на Република Северна Македонија се заблагодари за учеството на амбасадорката Холштајн на седницата на Владата, со што се потврдуваат заложбите на Владата на Република Северна Македонија за стратешката насоченост кон европска интеграција, преку интензивна и динамична работа со сите чинители и засегнати страни.

Претседателот на Владата, Оливер Спасовски го истакна фактот дека еден ден по преземањето на претседателството со Советот на Европската Унија од страна на Сојузна Република Германија беше објавена Преговарачката рамка на Европската Унија со нашата земја, и со тоа оваа земја покажа дека континуирано прави големи чекори и клучни одлуки со кои го препознава извонредниот напредок и смелите чекори во добрососедските односи и реформите што Република Северна Македонија ги презеде во изминатите три години.

Воедно, ги истакна очекувањата и верувањата на Република Северна Македонија дека до завршувањето на претседателството на Сојузна Република Германија со Советот на Европската Унија ќе се одржи Првата меѓувладина конференција, на кој начин ќе се означи и официјалниот старт за почеток на преговорите на Република Северна Македонија со Европската Унија.

Амбасадорката Холштајн во презентацијата на приоритетите на германското претседателство со Советот на Европската Унија, како најзначајни ги издвои координирањето на заложбите на ЕУ за надминување на заканите од пандемијата со КОВИД-19; економското закрепнување и постигнувањето согласност за повеќегодишната финансиска рамка и за фондот „ЕУ во следната генерација“; стабилизирање на соседството; напредок во проширувањето; Партнерството со Африка и заедничката позиција за Народна Република Кина.

Меѓу приоритетите, кои ги нагласи амбасадорката Холштајн, се и завршните преговори и идните релации со Обединетото Кралство; напредокот на зелената и дигиталната трансформација на ЕУ; јакнење на европската солидарност и социјална кохезија; прогресот во политиките на ЕУ за миграциските и прашањата за азил; јакнењето на владеењето на правото како клучна основа на ЕУ и зајакнувањето на капацитетите на ЕУ во надворешната политика за делување на глобално рамниште.

Амбасадорката на Сојузна Република Германија Холштајн, како особено значајно за Република Северна Македонија, го потенцираше тоа што посебен дел од програмата е посветен и на политиката за проширување на ЕУ со кредибилна перспектива за пристапување во ЕУ за земјите од Западен Балкан како заеднички интерес и за регионот и од интерес на ЕУ. Во таа насока активно се подготвува рамката за преговори за Република Северна Македонија и Република Албанија, земајќи ја предвид новата методологија за проширување.

На крајот, претседателот на Владата на Северна Македонија Оливер Спасовски, во име на Владата се заблагодари за учеството на седницата на Владата и за презентацијата и ѝ посака на СР Германија успешно претседавање со Советот на ЕУ, и изрази очекување дека ова ќе биде историско претседавање заради исклучителната важност на приоритетите, како и заради историската можност за Република Северна Македонија да ги започне преговорите по поглавја за членство во ЕУ.

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа и го усвои Записникот од Сто и петтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 29 јули 2020 година.

**Точка 2**

Владата го разгледа и го усвои Записникот од Сто и шестиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 30 јули 2020 година.

**Точка 3**

Владата го разгледа и го усвои Записникот од Сто и седмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 4 август 2020 година.

## Точка 4

Владата го разгледа и го усвои Записникот од Сто и осмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 5 август 2020 година.

## Точка 5

Владата го разгледа Записникот од Седмата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 5 август 2020 година, со Предлог - одлука за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за Коронавирусот COVID-19 и спречување од негово ширење и заради зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и Записник од седница на Групата за процена одржана на 28 јули 2020 година и притоа заклучи:

1. Го усвои Записникот од Седмата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 5 август 2020 година.

2. Согласно укажувањата изнесени во расправата на седницата Владата донесе Одлука за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за Коронавирусот COVID-19 и спречување од негово ширење и заради зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија.

3. Периодот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за Коронавирусот COVID-19 и спречување од негово ширење и заради зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија е најмногу до 30 дена, почнувајќи од 5 август 2020 година.

4. Да се информира Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија за донесената Одлука за

постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за Коронавирусот COVID-19 и спречување од негово ширење и заради зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, согласно член 31 од Законот за управување со кризи.

5. За операционализација на Одлуката за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за Коронавирусот COVID-19 и спречување од негово ширење и заради зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, а врз основа на дадениот предлог на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, Владата заклучи да му предложи на Претседателот на Република Северна Македонија да одлучи за учество на дел од припадниците на Армијата на Република Северна Македонија (вид и број на сили и капацитети на армиските единици, намена и задачи за кои се бараат и времетраењето на активноста и ангажираноста на армиските единици), во справувањето со кризната состојба.

6. Главниот штаб при Центарот за управување со кризи веднаш да започне со подготовка на акциски план за превенција и справување со ситуацијата на подрачјата на јужната и северната граница на Република Северна Македонија.

7. Министерството за здравство, Министерството за внатрешни работи, Армијата на Република Северна Македонија, Министерството за труд и социјална политика, Центарот за управување со кризи и Дирекцијата за заштита и спасување, со сите останати засегнати државни институции да ги ставаат на располагање сите расположливи капацитети и ресурси кои може да се ставаат во функција на справување со кризната состојба.

## Точка 6

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за економија, во предложениот текст.

## Точка 7

Владата по Годишната сметка и Годишниот извештај за работата на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-берза Скопје за 2019 година, со

Ревизорски извештај и предлог-одлуки, го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Годишната сметка и Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-берза Скопје за 2019 година, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи Одлуката за давање согласност на Одлуката за употреба на средствата остварени од работењето на Јавното претпријатие за берзанско работење АГРО-БЕРЗА Скопје во 2019 година, да се разгледа и донесе по изборот на новиот состав на Влада.

Исто така, Владата ги задолжи надлежните органи на претпријатието да ја информираат Владата по однос на преземените активности во однос на забелешката од независниот ревизор по прашањето за несовпаѓање на основната главнина на претпријатието прикажана во Извештајот за финансиската состојба за 2019 година со онаа прикажана во тековната состојба при Централниот регистар на Република Северна Македонија и да се имаат предвид укажувањата во Мислењето на Министерството за финансии.

## Точка 8

Владата го разгледа и го усвои најновиот текст на Информацијата за избор на компанија која ќе врши поништување, односно отуѓување средства согласно приложени табели, со Предлог - одлука и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

## Точка 9

Владата го разгледа Барањето согласност за спроведување на постапка за јавна набавка на компјутерска и серверска опрема и даде согласност на истото, со оглед на тоа дека оваа јавна набавка е предвидена во Годишниот план за јавни набавки во 2020 година на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија.

## Точка 10

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за барањата кои ги исполнуваат критериумите од Јавниот повик бр.1 за кредити од Кредитната линија од Компензационите фондови со цел намалување на последиците од Коронавирусот COVID-19 (Список бр.5).

Истата да се разгледа после формирањето на новиот состав на Владата.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата за измена на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица (нов текст), ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за економија, во соработка со Министерството за труд и социјална политика, Министерството за финансии и Централниот регистар на Република Северна Македонија да подготви Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица и истиот да го достави до Владата, најдоцна до крајот на септември 2020 година.

Исто така, да се имаат предвид укажувањата изнесени во мислењата на Министерството за финансии и Министерството за труд и социјална политика.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Анкетата за квалитет на аеродромски услуги (ASQ) на ТАВ Македонија за 2019 година за аеродромот „Св. Апостол Павле“ – Охрид, со Анкета, ја усвои Информација и ја одобри Анкетата за квалитет на аеродромски услуги (ASQ) на ТАВ Македонија за 2019 година за аеродромот „Св. Апостол Павле“ – Охрид.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на одлука на Европскиот суд за човекови права во случајот Холанд Фарминг Македонија ДОО и Стефан Димковски против Северна Македонија, А.бр. 83901/17, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, во предложениот текст.

Средствата, во вкупен износ од 7.500 евра, во денарска противвредност, да бидат исплатени најдоцна до 30 септември 2020 година.

## Точка 15

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот Стрезовски и други против Република Северна Македонија, А. бр. 14460/16, 14958/16, 14962/16, 14966/16, 27884/16, 16064/17, 20229/17, 30206/17 од 27 февруари 2020 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, во предложениот текст.

Средствата во вкупен износ од 4.780 евра во денарска противвредност по пресудата на Европскиот суд за човекови права, Стрезовски и други против Република Северна Македонија, А.бр.14460/16, 14958/16, 14962/16, 14966/16, 27884/16, 16064/17, 20229/17, 30206/17 да се исплатат, најдоцна до 23 септември 2020 година.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за финансии да достави ревидирана информација колку средства се исплаќале од Буџетот на Република Северна Македонија за пресудите од Европскиот суд за човекови права за последните 4 години.

## Точка 16

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за Национална таксономија за сајбер инциденти и членство во MKD-CIRT, со Предлог – национална таксономија за сајбер инциденти и го усвои со следниве заклучоци:

1. Ја прифати Националната таксономија за сајбер инциденти.

2. Се задолжуваат сите институции на државната управа, а им се укажува на сите институции кои не се органи на државната управа при размена на информации за настани во врска со сајбер безбедност да ја користат Националната таксономија за сајбер инциденти.

3. Се задолжуваат сите институции на државната управа, а им се укажува на сите институции кои не се органи на државната управа, да се зачленат во MKD-CIRT, преку достава на пополнет Образец за регистрација на конституент, во Прилог (образецот може да се преземе и од https://mkd-cirt.mk/registracija/), во рок од 30 дена.

## Точка 17

Владата ја разгледа Информацијата за одземање на одобрение за основање на приватна установа за деца - Центар за ран детски развој „Балтазар" во Куманово, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за одземање на одобрение за основање на приватна установа за деца – Центар за ран детски развој „Балтазар" - Куманово, во предложениот текст.

## Точка 18

Владата го разгледа и усвои најновиот текст на Информацијата со ревидиран Акциски план за формализирање на неформалната економија 2018-2020 година, со следниве заклучоци:

1. Владата го прифати најновиот текст на ревидираниот Акциски план за формализирање на неформалната економија 2018-2020 година, кој предлагачот ќе го усогласи со Министерството за финансии.

2. Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со релевантните институции да ја информира Владата на Република Северна Македонија за реализацијата и спроведувањето на новите предложени активности вклучени во ревидираниот Акциски план за формализирање на неформалната економија 2018-2020 на квартална основа, започнувајќи од 1 октомври 2020 година.

## Точка 19

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за хематологија – Скопје (медицинска опрема), во предложениот текст.

## Точка 20

Владата ги разгледа финансиските извештаи на Агенцијата за супервизија на осигурувањето за 2019 година, со Извештај на независниот ревизор и притоа го усвои следново мислење:

Финансиските извештаи се подготвени согласно член 158-њ став (1) од Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/02, 84/02, 98/02, 33/04, 88/05, 79/07, 8/08, 88/08, 56/09, 67/10, 44/11, 112/11, 7/12, 30/12, 45/12, 60/12, 64/12, 23/13, 188/13, 43/14, 112/14,

153/15, 192/15, 23/16, 83/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19 и 31/20), според кој Советот на експерти е должен најдоцна до 30 јуни во тековната година да достави до Собранието на Република Северна Македонија финансиски извештаи за претходната година ревидирани од овластен ревизор, а според став (3) од истиот член, Собранието на Република Северна Македонија ги усвојува финансиските извештаи за претходната година и финансискиот план.

Во 2019 година Агенцијата остварила приходи од работење во износ од 85,2 милиони денари кои се за 3,4% повисоки од приходите во 2018 година и остварила расходи во износ од 54,1 милиони денари кои се за 18,5% пониски од 2018 година. Финансиската година Агенцијата ја завршила со добивка од 31,1 милион денари и истата е пренесена во резервниот фонд на Агенцијата.

Во вкупните приходи од работење најголемо е учеството на приходите од надоместоци кои изнесуваат 81,5 милиони денари и претставуваат 95% од вкупните приходи на Агенцијата. Додека пак, во вкупните расходи на Агенцијата во 2019 година, највисоко е учеството на расходите за плати и други надоместоци кои изнесуваат 29,5 и се за 14% повисоки од 2018 година, а кај другите расходни ставки значајно зголемување од 52% има кај ставката останати расходи.

Согласно мислењето на независниот ревизор, финансиските извештаи на Агенцијата за 2019 година, ја прикажуваат веродостојно и објективно, во сите материјално значајни аспекти, финансиската состојба на Агенцијата за супервизија на осигурување на ден 31.12.2019 година, поради што, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки по финансиските извештаи.

## Точка 21

Владата го разгледа Годишниот извештај за состојбата и движењата на осигурителниот пазар во Република Северна Македонија во 2019 година на Агенцијата за супервизија на осигурување и притоа го утврди следново мислење:

Годишниот извештај за состојбата и движењата на осигурителниот пазар во Република Северна Македонија во 2019 година е подготвен согласно член 158-о од Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/02, 84/02, 98/02, 33/04, 88/05, 79/07, 8/08, 88/08, 56/09, 67/10, 44/11, 112/11, 7/12, 30/12, 45/12, 60/12, 64/12, 23/13, 188/13, 43/14, 112/14, 153/15, 192/15, 23/16, 83/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19 и 31/20), според кој Агенцијата за супервизија на осигурување подготвува годишен извештај за состојбата и движењата на пазарот на осигурување и го доставува, најдоцна до 30 јуни од

тековната година за претходната деловна година, до Собранието на Република Северна Македонија на усвојување.

Согласно Извештајот, на крајот на 2019 година на пазарот на осигурување во Република Северна Македонија активно работат 16 друштва за осигурување, од кои 11 друштва вршат работи на неживотно осигурување, а 5 осигурување на живот. Во текот на 2019 година активни се 39 осигурително брокерски друштва, 10 друштва за застапување во осигурување (бројот останува непроменет во однос на 2018 година) и 7 банки кои вршат застапување во осигурување, при што бројот на банки во однос на претходната година е зголемен за две банки.

Бруто полисираната премија остварена во 2019 година е во вкупен износ од 10,58 милијарди денари, што претставува пораст од 6,61% во однос на бруто полисираната премија остварена во 2018 година (2018 година: 9,93 милијарди денари). Кај неживотно осигурување бруто полисираната премија е во износ од 8,75 милијарди денари (2018 година: 8,26 милијарди денари), односно пораст од 5,99% во однос на истиот период од претходната година. Кај осигурувањето на живот бруто полисираната премија е во износ од 1,83 милијарди денари (2018 година: 1,67 милијарди денари), што претставува зголемување од 9,69% во однос на 2018 година.

Друштвата за осигурување на крајот на 2019 година располагаат со средства во износ од 23,92 милијарди денари и бележат пораст од 10,53% во однос на претходната година (2018 година: 21,64 милијарди денари).

Капиталот на осигурителниот сектор е 3,9 пати над нивото на маргината на солвентност, што укажува на стабилноста на осигурителниот сектор.

Во 2019 година, друштвата за осигурување оствариле загуба во износ од 25,37 милиони денари, наспроти остварената добивка во износ од 352,68 милиони денари во 2018 година. Друштвата за неживотно осигурување оствариле загуба од 125,91 милион денари, наспроти добивката од 269,65 милиони денари во 2018 година, а друштвата за осигурувањето на живот оствариле добивка од 100,54 милиони денари (2018 година: добивка од 83,02 милиони денари). Една од причините за загубата произлегува од потценетите технички резерви и преценетите вложувања во недвижност кај двете друштва кои беа преземени во 2019 година, а кај кои новите сопственици заради усогласување со изречените мерки на супервизија извршиле зголемување на техничките резерви и усогласување на вредностите на недвижностите.

Со оглед на тоа што во Годишниот извештај за состојбата и движењата на осигурителниот пазар во 2019 година се презентирани реалните состојби во осигурителниот сектор, Владата на Република Северна Македонија му

препорачува на Собранието на Република Северна Македонија да го усвои истиот.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Дејан Павловски, Кратово доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.224/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 48 став 1 точки 1 и 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.14./2020) и притоа го утврди следното мислење:

Подносителот на Иницијативата го оспорува член 48 ставови (1) и (2) од Законот за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 14/2020), односно член 192 ставови (1) и (2) од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.36/2010, 23/2011, 47/2011, 148/2011, 55/2012, 29/2014, 33/2015, 193/2015, 71/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019, 275/2019 и 14/2020) и наведува дека со него е извршена повреда на член 8 став 1 алинеја 1, член 9 став 1 и 2, член 32 став 3 и член 51 став 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија.

Подносителот на Иницијативата цени дека со оспорените одредби на членот 192, професионалните војници кои се дел од активниот воен персонал, се ставени во нерамноправна и нееднаква положба со другите припадници на Армијата кои се дел од активниот воен персонал, од причина што правото станбено обезбедување утврдено со членот 192 од цитираниот закон, активниот воен персонал кој има засновано работен однос на определено време, го остварува по навршувањето на четири години на служба во Армијата.

Понатаму, наведува дека во одредбите од Законот за служба во Армијата на Република Македонија, со сите негови измени и дополнувања, во кои се уредува статусот, правата, обврските, должностите и одговорностите на персоналот на служба во Армијата на Република Северна Македонија, системот на плати и надоместоци на плати и други прашања во врска со службата во Армијата, се до влегувањето во сила Законот за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 14/20) и отпочнување на примената на членот 48 од истиот, во ниту една одредба не уредува нерамноправност во поглед на остварувањето на правата и обврските на персоналот на служба во Армијата, повикувајќи се тука на одредбите од Глава II. „Права и обврски на воениот и цивилниот персонал

на служба во Армијата“, како и одредбите од Глава III. „Прием на активен воен и цивилен персонал на служба во Армијата и избор и пополна со персонал на активната резерва“.

По однос на наводите во Иницијативата, Владата укажува на следното:

Според член 8 став 1 алинеја 1 од Уставот на Република Северна Македонија, темелни вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија, се основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот.

Според член 9 од Уставот, граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување; имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Според член 32 став 3 од Уставот, секој вработен има право на соодветна заработувачка.

Според член 51 од Уставот, во Република Северна Македонија, законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Во членот 1 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“, бр.36/2010, 23/2011, 47/2011, 148/2011, 55/2012, 29/2014, 33/2015, 193/2015, 71/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/2019, 275/2019 и 14/2020) е уредено дека, со овој закон се уредуваат статусот, правата, обврските, должностите и одговорностите на персоналот на служба во Армијата на Република Северна Македонија, како и системот на плати и надоместоци на плати и други прашања во врска со службата во Армијата.

Во членот 2 од Законот, е уредено што претставува служба во Армијата и што се смета за вршење на воени должности во Армијата. Имено:
„(1) Под служба во Армијата се смета вршење воени должности во Армијата.
(2) Како служба во Армијата се смета и вршење должности во Министерството за одбрана, Воената академија, другите органи на државната власт, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, учество на вежби, обука, хуманитарни операции, меѓународни операции, во мисии и операции на Организацијата на Северноатлантскиот договор (во натамошниот текст: во НАТО мисии и операции) и операции во примената на правото на индивидуална или колективна самоодбрана, операции за кризен менаџмент и кооперативна безбедност, како и вршење на должности во командните структури на НАТО, дипломатските

претставништва на Републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации во странство и на територијата на Републиката.“.

Во членот 3 од Законот, е пропишано кој ја врши службата во Армијата, од каде произлегува дека категоријата професионален војник извршува служба во Армијата како активен воен персонал.

Според член 3 од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија:
„Служба во Армијата врши воен и цивилен персонал.
1. Воен персонал, во смисла на овој закон, е:
а) активен воен персонал
- воен старешина-офицер и подофицер и
- професионален војник;
б) воен персонал на стручно оспособување, односно обука
- војник на доброволно служење на воениот рок,
- лице на стручно оспособување и усовршување за офицер, односно подофицер и
- питомец на Воената академија и
в) припадници на резервните сили поставени на должност согласно со актот за формација на Армијата и тоа:
- припадници на активната резерва и
- припадници на општата резерва.
2. Цивилен персонал, во смисла на овој закон, е:
- цивилно лице поставено на должност согласно со актот за формација на Армијата.“.

Во членот 192 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија, е пропишано:
„(1) На активен воен и цивилен персонал кој има засновано работен однос на неопределено време во Армијата, му се исплатува надоместок на трошоци за станбено обезбедување.
(2) Активен воен персонал кој има засновано работен однос на определено време во Армијата, правото од ставот (1) на овој член, може да го оствари по навршување на четири години служба во Армијата.
(3) Висината на надоместок на трошоци за станбено обезбедување е во висина на трошоците за одвоен живот.
(4) По исклучок на ставот (1) на овој член, лицата кои веќе имаат обезбедено станбено прашање со станови кои потекнуваат од станбениот фонд на поранешната ЈНА, не остваруваат право на надоместок на трошоци за станбено обезбедување.
(5) Надоместокот на трошоци за одвоен живот и надоместокот на трошоци за станбено обезбедување меѓусебно се исклучуваат.“

Во смисла на оспорената законска одредба, Владата цени, дека не постојат услови за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 192 став (1) и (2) од Законот .

Имено, лицата на служба во Армијата, засноваат работен однос на неопределено и на определено време, а со членот 1 од Законот се уредуваат статусот, правата, обврските, должностите и одговорностите на персоналот на служба во Армијата.

Со заснивањето на работниот однос на определено и на неопределено време од Законот, се прави дистинкција помеѓу лицата кои ја вршат служба во Армијата според заснивањето на работниот однос, па оттука вработените во Армијата имаат различни права и обврски од работниот однос.

Во конкретниов случај, не може да се смета дека со оспорената законска одредба се врши дискриминација на вработените, или вработените кои имаат засновано работен однос на определено време да се третираат поразлично од вработените кои имаат засновано работен однос на неопределено време, во поглед на остварување на правото на надоместок за станбено обезбедување,од причина што неспорно е дека истото правото им е утврдено и на вработените во Армијата кои заснoвале работен однос на определено време, но условите за негово остварување се различни.

Исто така, неосновани се наводите во Иницијативата на подносителот, дека со ваквото нормирање на остварување на правото на надоместок за станбено обезбедување од членот 192 став (1) и (2) , постои нееднаквост во остварувањето на правото, а од причина што се работи за различна категорија на вработени со различен вид на работен однос, кои имаат различни права и обврски.

Неприфатливи се наводите дека со оспорената одредба од Законот, како lex specialis, постои дискриминација на вработените по овој основ, од причина што со овој начин на регулирање само се прави разлика во видот на работниот однос, чиј третман не може да биде идентичен.

Понатаму, не може да стане збор за нееднаквост, бидејќи на вработените кои имаат засновано работен однос на определено време во Армијата, не им е утврдено различно право или како такво воопшто не им е утврдено со Законот.

Истовремено ова прашање е res judicata, имајќи ги предвид одлуките на Уставниот суд У. бр.178/2010 и У. бр. 236/2011.

Согласно наведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека наводите во Иницијативата за поведување на постапка за оценување

на уставноста на член 48 став 1 точки 1 и 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/2020), поднесена од Дејан Павловски од Кратово, до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.224/20, се неосновани, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не поведе постапка за оценување на уставноста на истиот.

## Точка 23

Владата го одложи разгледувањето на Решението на Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У бр.201/2020 година од 24 јуни 2020 година, за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на членот 3 од Уредбата со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за високото образование за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.149/2020), поради потребата мислење по истото да достави Министерството за образование и наука.

## Точка 24

Владата ја разгледа Понудата од нотар Трајко Маркоски од Прилеп за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.41863 за КО Прилеп на КП бр.23696 место/улица Осоговска и по Понудата, го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 25

Владата ја разгледа Понудата од нотар Џеват Бучи од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.93356 за КО Чаир на КП бр. 1036; КП бр.1037/1; КП бр.1038/1; КП бр.1040; КП бр.1041; КП бр.1042; КП бр. 1043; КП бр. 1044/1; КП бр. 1044/2; КП бр.1048; КП бр.1049; КП бр.1056/2; КП бр.1255; КП бр.1258; КП бр.1260; КП бр. 1262/1; КП бр.1264/1 и КП бр.1265/2 место/улица Дижонска и по Понудата, го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 26

1. Владата на Мартин Костовски му утврди престанок на функцијата директор на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, поради неговиот избор за пратеник во Собранието на Република Северна Македонија.

1.1. Владата ја именува Татијана Лалчевска за вршител на должноста директор на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија.

**2.** Владата на Боби Мојсоски, му утврди престанок на функцијата вршител на должноста директор на КПУ Казнено поправен дом Идризово со отворено одделение во Велес, поради неговиот избор за пратеник во Собранието на Република Северна Македонија.

2.1. Владата го именува Александар Донев за вршител на должноста директор на КПУ Казнено поправен дом Идризово со отворено одделение во Велес и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**3.** Владата на Сања Лукаревска и утврди престанок на функцијата директор на Управата за јавни приходи, орган во состав на Министерството за финансии, поради нејзиниот избор за пратеник во Собранието на Република Северна Македонија.

3.1. Владата го именува Фарук Омери за вршител на должноста директор на Управата за јавни приходи, орган во состав на Министерството за финансии и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**4.** Владата на Фаница Николоска и утврди престанок на функцијата директор на Државниот управен инспекторат, орган во состав на Министерството за информатичко општество и администрација, поради нејзиниот избор за пратеник во Собранието на Република Северна Македонија.

## Точка 27

**1.** Владата го одложи од разгледување Барањето согласност за спроведување постапка за пополнување на работно место ревизор - едно (1) лице и на работно место Виш ревизор - едно (1) лице, во постапка на унапредување на административни службеници со интерен оглас, со заклучок истото да се разгледа по избор на новиот состав на Владата.

**2.** Владата го одложи од разгледување Барањето согласност за започнување на постапка за вработување на самостоен референт – архивар за потребите на Државниот завод за ревизија, со заклучок истото да се разгледа по избор на новиот состав на Владата.

**3.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба заради зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти/бегалци низ територијата на Република Северна Македонија за период од 23 јули 2020 година до 29 јули 2020 година

и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

4. Владата даде согласност за набавка на опрема, мебел и софтвер на Државниот завод за ревизија, по Барањето со број 24-768/1 од 28 јули 2020 година.

**Точка 28**

Владата го разгледа Полугодишниот извештај за извршувањето на Буџетот на Република Северна Македонија (јануари-јуни 2020 година), како материјал за информирање.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата за преземените и планираните активности за воспоставување на кредитно-гарантна шема во Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за финансии, во рок од 15 дена, да ја информира Владата на Република Северна Македонија за гарантната шема што во моментов се спроведува помеѓу Про Кредит банка АД Скопје и Европската комисија.

**Точка 30**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за имплементација на Акциски план за вработување 2018-2020 година, како материјал за информирање, со укажување надлежните институции за имплементација на Акцискиот план да ги операционализираат мерките согласно обезбедените буџетски средства, согласно мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на вон наставните активности на училиштата поврзани со антикорупциската едукација на учениците, како материјал за информирање.

**Точка 32**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај на Јавно претпријатие за берзанско работење Агро - Берза - Скопје за период јануари-март 2020 година, како материјал за информирање.

## Точка 33

Владата го разгледа Финансискиот извештај на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје, за период од  1 октомври 2019 година до 31 декември 2019 година, како материјал за информирање, со укажување да се има предвид Мислењето на Министерството за финансии за намалување на непродуктивните расходи и преземање мерки за надминување на загубата.

## Точка 34

Владата го разгледа Известувањето за искористени нафта и нафтени деривати  отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати  за јуни 2020 година, како материјал за информирање.

## Точка 35

Владата го разгледа Извештајот за реализацијата на судскиот буџет за 2019 година, како материјал за информирање.

*

*    *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 13:40 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| д-р Драги Рашковски | Оливер Спасовски |